Уп. бр.08-68

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на адреса Владимир Поповиќ бр. 8а, 11070 Нови Белград, Република Србија, преку Адвокатско друштво КОНСТАТИНОВИЌ и МИЛОШЕВСКИ од Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на адреса Владимир Поповиќ бр. 8а, 11070 Нови Белград, Република Србија стекнува самостојна контрола над ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАД ОПШТЕСТВЕНО ПРЕТПРИЈАТИЕ БЕЛГРАД (СТАРИ ГРАД) - ВО СТЕЧАЈ, со седиште на адреса Косовска бр. 31, Белград, Република Србија., иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 26.03.2024 година, а дополнето на 11.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) со седиште на адреса Владимир Поповиќ бр. 8а, 11070 Нови Белград, Република Србија со која Делта Реал Естате ДОО

БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД) стекнува самостојна контрола над ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАД ОПШТЕСТВЕНО ПРЕТПРИЈАТИЕ БЕЛГРАД (СТАРИ ГРАД) - ВО СТЕЧАЈ, со седиште на адреса Косовска бр. 31, Белград, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Делта Реал Естате ДОО БЕЛГРАД е под конечна контрола од Делта Холдинг Груп. Основна дејност е консултантски активности поврзани со бизнис и друг менаџмент.

Делта Холдинг Груп има зависно друштво во Република Северна Македонија со назив Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, со предмет на работење посредување во трговијата со разновидни производи и Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, со предмет на работење трговија на мало преку пошта и интернет.

Целното друштво ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАД ОПШТЕСТВЕНО ПРЕТПРИЈАТИЕ БЕЛГРАД (СТАРИ ГРАД) - ВО СТЕЧАЈ е основано на 25 февруари 1947 година во Република Србија. Во изминатиот период друштвото поминало низ бројни трансформации, а во 2001 година била отворена и стечајна постапка. Претежната регистрирана дејност на компанијата е други неутврдени конкретни градежни работи (шифра на дејност: 43.99). Но, целното друштво подолг период пред преземањето на Друштвото што презема, не вршело регистрирани дејности, туку приходите ги остварува исклучиво од издавање на деловен простор со цел да се заврши стечајната постапка. Сопственичката структура на целното друштво пред трансакцијата, односно спроведувањето на концентрацијата, е таква што 100% од основната главнина на целното друштво и припаѓа на Република Србија.

Целното друштво не било активно ниту има регистрирани друштва во Република Северна Македонија во 2023 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на*

*конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**